# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.01.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0305 | 119/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 9 јануари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување говорно или говорно-музичко радио на регионално ниво“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**<u>Образложение:</u>** На 09.10.2023 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3705/1) до ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, со кој побара во рок од 30 дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РСМ) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот. Агенцијата се обиде да го достави дописот преку Македонска пошта во повеќе наврати, но поштата го враќаше дописот во Агенцијата.

Поради тоа, на 07.11.2023 година Агенцијата го испрати дописот на официјалната електронска пошта на радиодифузерот што самиот ја пријавил во Агенцијата, а на 17.11.2023 година од истата електронска пошта од радиостаницата потврдија дека го примиле дописот. Рокот од 30 дена за доставување на документите истече на 17.12.2023 година. Во овој период стручната служба во повеќе наврати оствари и телефонски разговор со вработени во радиостаницата, посочувајќи им дека е нужно да ги достават документите за да се потврди дека ги исполнуваат минималните кадровски услови. Заклучно со 04.01.2024 година радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***